Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Врз основа на член 105 став 1 алинеја 1 од Уставот на Република Северна Македонија, член 41 и член 47 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија" бр.58/2006, 35/2008, 150/2010, 83/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ" бр.96/19) и член 50 и 51 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.102/2019), Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 06.11.2024 година, донесе

# ОДЛУКА
# ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОСНОВЕН СУД СТРУГА

За претседател на Основен суд Струга е избран:

**Вулнет Винца** - судија на Основен суд Охрид

Оваа одлука ќе стапи во сила по правосилно завршување на постапката и ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

## *Образложение*

Судскиот совет на Република Северна Македонија објави оглас за избор на претседател на Основен суд Струга („Службен весник на РСМ" бр. 241/23 од 15.11.2023 година).

На објавениот оглас за избор на претседател на Основен суд Струга се пријавил 1 (еден) кандидат кој ги исполнува условите согласно законот.

Постапката за избор на претседател на Основен суд Струга Советот ја спроведе согласно Законот за судовите, Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, Деловникот за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија. Согласно Правилникот за начинот на формирање на Комисија за проверка на исполнетост на условите и критериумите за избор на претседател на суд, како и начинот на работење на Комисијата, Советот формира Комисија која изврши проверка на исполнетост на условите и критериумите на пријавениот кандидат за

избор на претседател на суд и ја разгледа доставената програма за работа и акцискиот план на кандидатот по објавениот оглас за претседател на Основен суд Струга. Спроведен е и положен е психолошкиот тест и тестот на интегритет, спроведено е и интервју со кандидатот, а согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите („Сл. Весник на РМ“ бр.150/10) за кандидатите кои се избрани за судии пред 26.11.2010 година не се спроведува проверка на практична работа со компјутери, поради што ваква проверка за кандидатот не е спроведена.

Комисијата формирана од страна на Судскиот совет на РСМ по спроведена постапка согласно Правилникот за начинот на формирање на Комисија за проверка на исполнетост на условите и критериумите за избор на претседател на суд, како и начинот на работење на Комисијата, изготви извештај со предлог листа на кандидати:

## ПРЕДЛОГ
## НА КАНДИДАТИ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОСНОВЕН СУД СТРУГА

| | Име и презиме | Суд во кој јработи | Судиски стаж | Оценка на работата за период 2019-2022 година |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ВУЛНЕТ ВИНЦА | -Судија на Основен суд Охрид<br><br>Делегиран во Основен суд Струга од 12.02.2023 година<br><br>-ВД претседател на Основен суд Струга од 13.02.2023 година | Судија на Основен суд Охрид од 07.02.2006 година<br><br>(вкупно 17 години и 8 месеци) | позитивна |

Согласно член 51 став 1 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија е предвидено дека Советот избира претседател на суд од пријавените кандидати судии на оглас за избор на претседтаел на суд со најмалку осум членови на Советот со право на глас.

Во чл.50 ст.1 од Законот за Судскиот совет на РСМ е предвидено кога Советот избира судија и претседател на основен суд и апелационен суд кој се наоѓа на подрачје на единица на локална самоуправа каде што 20 % од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот, одлучува согласно со членот 49 од овој закон, при што мора да има мнозинство гласови од присутните чпленови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија.

На седницата одржана на ден 06.11.2024 година, Судскиот совет расправаше по однос на кандидатот за избор на претседател на суд и членовите на Советот се произнесоа за причините поради кои го даваат својот глас, а кои се нотирани во записникот од погоре наведената седница, по што Советот гласаше по ранг-листата.

Кандидатот од ранг листата Вулнет Винца со 13 гласа -„За" го доби потребното мнозинство од вкупниот број членови на Советот со право на глас согласно член 51 став 1 од Законот за Судскиот совет на РСМ.

Со 5 гласа - „За", кандидатот доби и мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, а согласно чл.50 ст.1 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Секој член на Советот со право на глас, даде образложение за својата одлука за избор на претседател на суд како што е предвидено во член 51 став 3 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Кандидатот Вулнет Винца има вкупен судиски стаж од 17 години и 8 месеци до денот на пријавувањето на огласот. Како судија работел на граѓанска материја. Од образложенијата дадени од членовите на Советот произлегува дека се работи за судија со долгогодишно искуство и потврдени резултати во работењето, при периодот за кој е оценет при последното оценување има максимум освоени бодови предвидени со законот - 200 бода, со стручни и професионални квалитети, со добар углед и интегритет, со јасно поставени цели и активности дадени во Програмата за работа со акциски план, со точно предвидени рокови за исполнување на истите, со покажани добри резултати во работењето и добро менаџирање и справување со недостиг на судии како ВД претседател на Основен суд Струга, така да со долгогодишното искуство и како судија, но и како ВД претседател би дал придонес за успешно работење и менаџирање во Основниот суд Струга.

Имајќи го предвид наведеното Судскиот совет за претседател на го Основниот суд Струга го избра кандидатот Вулнет Винца, судија на Основен суд Охрид.

**Бр. 09-2139/1**
**07.11.2024 година**
**С К О П Ј Е**

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Весна Дамева**

Ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Në bazë të nenit 105 paragrafi (1) alinea (1) nga Kushtetuta e Republikës së Maqedonisë së Veriut, neni 41 dhe neni 47 të Ligjit për Gjykatat ("Gazeta Zyrtare e Republika e Maqedonisë" nr.58/2006, 35/2008, 150/2010, 83/18, 198/18 dhe "Gazeta Zyrtare e RMV-së" nr.96/19) dhe neni 50 dhe neni 51 të Ligjit të Këshillit Gjyqësor të Republikës së Maqedonisë së Veriut ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë sëVeriu" nr.102/2019), Këshilli Gjyqësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut në seancën e mbajtur më 06.11.2024 miratoi:

**VENDIM**
**PËR ZGJEDHJEN E KRYETARIT NË GJYKATËN THEMELORE STRUGË**

Për kryetar i Gjykatës Themelore Strugë është zgjedhur:

**1.Vullnet Vinca- gjyqtar në Gjykatën Themelore Ohër;**

Ky vendim do të hynë në fuqi pas mbarimit të potëfuqishëm të procedurës dhe do të publikohet në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

**ARSYETIM**

Këshillit Gjyqësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut publikoi shpallje për zgjedhjen e kryetarit në Gjykatën Themelore Strugë ("Gazeta Zyrtare e RMV-së" nr.241/23 nga 15.11.2023).

Në shpalljen e publikur për në Gjykatën Themelore Strugë është paraqitur 1 (një) kandidatë.

Procedurën për zgjedhjen e kryetarit të Gjykatës Themelore Strugë, Këshilli e zbatoi në pajtim me Ligjin për gjykata, Ligjin për Këshillin Gjyqësor të Republikës së Maqedonisë së Veriut, Rregulloren e punës së Këshillit Gjyqësor të Republika e Maqedonisë së Veriut. Në përputhje me Rregulloren e mënyrës së formimit të Komisionit për zgjedhjen e kryetarit të gjykatës, si dhe mënyrën e punës së Komisionit, Këshilli formoi Komision të cilën e verifikoi dorëzimin në afatin e fletëparaqitjeve dhe kompletimin e dokumenteve të kandidatëve të paraqitur në publikimin e shpalljes për kryetar të gjykatës dhe e shqyrtoi plan programin dhe planit veprimit të kandidatit, të kandidatiti për kryetar të Gjykatës Themelore Strugë.Është bërë testimi psikologjik dhe testi i integritetit, është bërë interiviju ne kandidatin, në përputhje me Ligjin për ndryshim dhe plotësimpët Ligjin për gjykatat (Gazeta Zyrtare e RM-së nr.150/10) për kandidatëtë të cilët jan të zgjedhur si gjyqtarvpara 26.11.2010 nuk mbahet punë praktime e njohurive me kompjuter, prandaj nuk është kryer një kontroll i tillë për kandidatin.

Komisioni i formuar nga ana e Këshillit Gjyqësor i RMV-së e pas realizimit të procedurës, Regullores për mënyrën e formimit të Komisioni për verifikimin e plotësimit të kushteve dhe kritereve për zgjedhjen e kryetarit të gjykatës, si dhe mënyra e punës së Komisionit, përgaditi raport me propozimin e listës së kandidatëve:

**PROPOZIM**
**I KANDIDATËVE PËR KRYETAR TË GJYKATËS THEMELORE STRUGË**

| Nr. | Emri dhe Mbiemri kandidatit | Gjykat në të cilën ka punuar | Stazh në Gjyqësi | Nota për punën në vitin 2019-2022 |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Vullnet Vinca | -Gjyqtar në Gjykatën Themelore Ohër<br>-I deliguar në Gjykatën Themelore Strugë nga12.02.2024<br>-UD kryetar në Gjykatën Themelore Strugë nga 13.02.2023 | Gjyqtar në Gjykatën Themelore Ohër 07.02.2006 (gjithësej 17vjet e 8 muaj) | pozitive |

Në përputhje të nenit 51 paragrafi (1) nga Ligji i Këshillit Gjyqësor të Republikës së Maqedonisë së Veriut, është paraparë se këshilli zgjedhë kryetar zë gjykatës nga radhët e kandidatëe ve të paraqitur në shpallje, dhe për kryetar gjykate zgjedhët mës së paku me tetë vota të anëtarve të Këshillit me të drejtë vote.

Në nenin 50 paragrafi (1) nga Ligji i Këshillit Gjyqësor të Republikës së Maqedonisë së Veriut , është paraparë se këshilli zgjedh gjyqtarin dhe kryetarin e gjykatës themelore dhe të apelit që gjendet në zonën e njësisë së vetëqeverisjes lokale ku 20% e qytetarëve flasin një gjuhë zyrtare të ndryshme nga gjuha maqedonase, vendos në pajtim me nenin 49 të këti ligji, duhet të ketë shumicën e votave nga anëtarët e pranishëm të cilët u takojnë komuniteteve në të cilat nuk janë shumicë në Republikën e Maqedonisë së Veriut.

Në seancën e mbajtur më 06.11.2024, Këshilli Gjyqësor diskutoi në lidhje me kandidaturën për kryetar të gjykatës dhe anëtarët e Këshillit u deklaruan për arsyet për të cilën e japin votën e tyre, dhe të cilat janë shënuar në procesverbal të seancës së lartpërmendur, pas së cilës Këshilli ka votuar sipas renditjes të rangë listës.

Kandidati në rangë listën Vullnet Vinca me 13 vota "Për" mori votat e duhur nga numri i përgjithëshën i anëtarëve të Këshillit me të drejtë vote , në përputhje me nenin 51 paragrafin (1) të Ligjit për Këshilln Gjyqësor të RMV-së.

Me 5 vota "Për"kandidati mori shumën e votave të anëtarve të pranishëm që u takojnë komuniteteve që nuk janë shumicë në Republikën e Maqedonisë së Veriut,sipas neni 50 paragrafi (1) të Ligjit të Këshillit Gjyqësor të RMV-së.

Çdo anëtar i këshillit me të drejtë vote ka dhënë arsyetim për vendimin e tij për zgjedhjen e gjyqtarit, i cili parashikohet në nenin 5 paragrafi (3) të Ligjit të Këshillit Gjyqësor të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Kandidati Vullnet Vinca ka stazh të përgjithëshëm 17 vjet e 8 muaj nga dita e paraqitjesë së shpallje.Si gjyqtar ka punuar me materje civile. Si gjyqtar ka punuar në

sferën civile. Nga arsyetimi i anëtarëve të Këshillit, rezulton se bëhet fjalë për një gjyqtar me përvojë shumëvjeçare dhe me rezultate të vërtetuara në punën e tij, gjatë periudhës për të cilën është vlerësuar dhe konfirmuar rezultate në punën e tij, jatë periudhës për të cilën është vlerësuar gjatë vlerësimit të fundit, ka fituar numrin maksimal të pikëve të përcaktuara me ligj - 200 pikë me cilësi profesionale dhe kualitet profesional, me reputacion dhe integritet të mirë, me qëllime dhe aktivitete të përcaktuara qartë në Programin e Punës me një Plan veprimi, me afatë të përcaktuara saktësisht për përmbushjen e të njëjtit, me rezultate të mira të demonstruara në funksionim dhe menaxhim të mirë dhe ballafaqim me mungesën e gjyqtarëve si UD kryetar i Gjykatës Themelore Strugë, me përvojë shumëvjeçare dhe si një gjyqtar por edhe si kryetar UD kryetar do të kontribuonte në funksionimin dhe menaxhimine suksesshëm të punës në Gjykatën Themelore Strugë.

Duke pasur parasysh të gjitha si më sipër, Këshilli Gjyqësor për kryetar të Gjykatës Themelore Strugë zgjodhi Vullnet Vincën, gjyqtar në Gjykatën Themelore Ohër.

**KËSHILLI GJYQËSOR I**
**REPUBLIKËS SË MAQEDONISE SË VERIUT**
**Kryetar,**
**Vesna Dameva**

**Nr.09-2139/1**
**07.11.2024**
**Shkup**